**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 23 август 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,17 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, зошто наскоро почнуваме со продолжението на седницата.

Продолжуваме со работа по 56-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Стојан Андов, Данаил Дончев, Весна Јаневска, Марјан Додовски, Али Ахмети, Фазли Велију, Теута Арифи, Агрон Буџаку, Џеват Адеми, Фијат Цановски, Шабан Салију, Ружа Ѓорѓеска, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Гарип Каба, Елмазе Селмани, Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Никола Ќуркчиев, Илинка Митрева, Јован Манасијевски, Владимир Ѓорчев, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме по првата точка.

**Минуваме на точка 1 - Предлог за донесување на закон за лековите и медицинските помагала, со Предлог на закон**

Процедурално се јави господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван потпретседателе, драги колеги пратеници,

Со должна почит, пред да почне 56 седница на Собранието на Република Македонија, да го поздравам министерот кој најде време од толку многу работа да дојде во Собрание да расправаме за законот за лекови и медицински помагала, сметам дека треба да укажам на некои работи. Мене ми е жал што тука не е претседателот на Комисијата за безбедност и одбрана, деновиве сме сведоци на неколку бегства од затворите и од Република Македонија и од Косово, на опасни криминалци. Вчера избега Џеми Шејн, човекот кој постави бомба во контињер во едно училиште во Куманово, среќа е само што се спасија од бомбата да не усмрти повеќе ученици од средното училиште. Претходно, Лерим Јакупи и уште еден колега негов и неколку штитеници на одделението на болницата за душевни болести и растројства Бардовци, се на слобода. Она што мене ме наведува постојат сомневање според мене дека овие луѓе не се случајно надвор. Во моментот во Македонија и околу неа се во игра валкани сценарија и покрај тоа што вчера господинот Груевски се обиде да ни објасни дека нема никаква дестабилизација, без оглед што ќе ни се случува, за да јас моите колеги и вие и граѓаните на Република Македонија, бидеме мирни, би побарал од Комисијата за безбедност и одбрана, од претседателот господинот Влатко Ѓорчев и од Собранието да има една тематска седница и да расправаме прво, за безбедносните импликации од ова што се случува во Република Македонија и околу. Исто така, да свикаме и една седница по она што ќе го имаме од Советот за национална безбедност, да донесеме една платформа како Република Македонија во случај на било каква криза или евентуален расплет што ќе се случува во Косово, ќе биде подготвена да одговори на сите предизвици.

Затоа, би ве замолил, почитуван потпретседателе и вас колеги пратеници да размислите за ова и би побарал, не знам дали господинот Ѓорчев е тука или на годишен одмор, час поскоро да се свика една седница и на Комисијата за безбедност и одбрана и на Собранието на Република Македонија расправаме за она што се случува. Уште еднаш да пофторам, а тоа го реков и денес пред средствата за јавно информирање, овие луѓе што се надвор од затворите се опасни криминалци, луѓе што можат да бидат употребени во секаков вид на пресметки во Република Македонија, дури и против политички неистомисленици и сл. За да ние не бидеме во опасност, говорам за сите 120 пратеници, за Владата и за останатите, граѓаните на Република Македонија за да бидат мирни, сметам дека треба да има седница и на Комисијата и на Собранието. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рахиќ.

Како што знаете вечерва ќе претседава Советот за безбедност, како прво. Како второ, господинот Владимир Ѓорчев е најавен како оправдано отсутен, така што ние само може да го известиме за вашето барање. Трета работа, која највеојатно можеби не сте ја знаеле, претседателот веќе закажа координација со пратеничките групи, па најверојатно во оваа координација ќе се разговара и за актуелните работи. Како и да е вашето барање ќе го пренесеме до господинот Ѓорчев претседател на Комисијата.

Повелете, господине Рахиќ.

**Есад Рахиќ:** Само кусо, ви благодарам, потпретседателе, не би сакал многу работи се случуваат во последните 17 години во Република Македонија, повторно да бидеме изненадени од нешто што ќе се случи ненадејно. Не би сакал утре опозицијата или власта или пак било кој да биде обвинуван дека е творец на некое мрачно сценарио. Повторно би замолил, ако не е тука Влатко Ѓорчев таа Комисија има и заменик, мислам дека е господин Цветко Целевски од Охрид, така што таа Комисија може на една куса информација што би ја изготвило на Министерството за внатрешни работи или некоја друга институција во рамките на Владата, брзо да свика седница, за да може да го разгледаме тој материјал. Инаку, се сложувам дека денес има седница на Советот на безбедност, меѓутоа ова се некои работи кои што може не се во рангот на

тој Совет на безбедност, меѓутоа може да имаат сериозни импликации на она што ќе се случува наредниот период во Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас, господине Рахиќ.

Господинот Тахир Хани се јави за процедурално.

**Тахир Хани:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Овој парламентарен состав пред извесно време именува една Комисија привремена која што треба да констатира фактичка состојба во затворите и другите институции во Република Македонија, при што оваа Комисија не излезе со извештај пред Парламентот, која е фактичката состојба во затворите. Не имајќи една ваква непосредна информација од страна на оваа Комисија привремена за евидентирање на фактичката состојба на затворите во Република Македонија, од она што го слушнавме од нашиот колега Џеват Адеми и ние кои го преживеавме Идризово, состојбата во затворите во Македонија е алармантна. Затоа што хигиенските услови и други услови за затворениците во затворите во Република Македонија се катастрофални. Така што, имајќи предвид една ваква состојба во моментот, ние добивме информација дека во затворот во Идризово, затворениците имаат штрајк со глас, имаат информации за помош, за да можат да имаат контакт со парламентарните групи или со една група на парламентарци од Парламентот на Република Македонија кој што ќе дискутира за нивните проблеми што ги имаат во затворот Идризово. Овие затвореници кои во разни форми даваат информации за реалната состојба во затворот во Идризово, нема друг излез во однос на другите барање. Затоа ние бараме, јас барам во однос на член 66 од Деловникот на Парламентот да имаме една точка на дневен ред, на која ќе дискутирам за фактичката состојба во затворот во Идризово, затоа што тие зборуваат дека има 30 односно над 60 затвореници кои се во штрајк со глад.

Јас барам од Комисијата која што беше именувана од страна на Парламентот за да се констатира фактичката состојба и од страна на Министерството за правда, да добиеме информација кои се мерките превземени на Министерството за да се започне разговор со затворениците во затворот во Идризово и оваа состојба во Идризово, да може да се разреши во заеднички интерес. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Хани, јас исто така ја споделувам вашата грижа за затворениците и за условите во затворите, но денес се работи за една седница која е продолжение, така што вашиот предлог не можеме сега да го ставиме на разгледување. Јас би ве замолил писмено да се обратите со информација и материјал, така што на некоја од слободните наредни седници да може да се дискутира за ова прашање, било тоа по регуларна процедура, било по итна постапка.

Инаку, што се однесува до Комисијата, јас мислам дека Оливер Шамбовски е претседател на таа Комисија, колку што знам јас и до него можете писмено да се обратите или може јавно да му се обратите што поскоро да ви даде информација за посетата на затворите, ако тоа не го направил до сега. Ви благодарам.

Повелете, господине Хани.

**Тахир Хани:** Јас мислам дека е интерес заеднички на сите пратеници и интерес на Република Македонија, состојата во затворот во Идризово да се надмине што побрзо, да се почнат разговори и мислам, иако ќе се обратиме и писмено до Парламентот, сметам дека е интерес оваа проблематика да се постави што побрзо и на наредната седница да се разреши овој проблем, затоа што во штрајк се речиси сите затвореници во затворот во Идризово. Благодарам.

**Бесим Догани:** Се согласмувам со вас, така што уште еднаш би ве замолил да се обратите писмено, за да може да го разгледаме вашето барање на пленарна седница.

Сега, процедурално му давам збор на господинот Шамбевски Оливер, претседателот на Комисијата, бидејќи беше повикан да разјасни за случајот. Повелете господине Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам потпретседателе.

Се надевам дека ова што ќе го кажам ќе помогне на некој начин да излеземе од оваа ситуација во моментов. Комисијата која што доби мандат од Собранието на Република Македонија да ги утврди реалните состојби во казнено поправните установи во нашава земја е сосема на крај со својата работа. Значи, ни останаа уште само неколку казнено поправни институции да ги потсетиме. Она што го имаме како драф извештај да го финализираме на нашата Комисија, па потоа многу брзо, јас се надевам дека на почетокот на месец септември Собранието ќе може да се произнесе по тој извештај и се надевам дека ќе ги усвои предлог-заклучоците и мерките кои што ние ќе ги понудиме на ова Собрание. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Шамбевски.

Процедурално има господинот Веле Митановски, повелете.

**Веле Минтановски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитуван минстер, дозволете сосема процедурално да го изразам личниот револт и несогласувањето со начинот на свикувањето на односно одложениот почеток на денешнава седница. Мислам дека е ова крајно неодговорен однос кон институцијата Собрание на Република Македонија, па и кон нас пратениците. Како е можно некоординацијата и неусогласеноста помеѓу собраниските служби и Владата на Република Македонија да ескалира до вакви размери. Не е ли ова начин и чин на

омаловажување и потценување на законодавниот дом. Се разбира, јас априори не сакам да кажам дека вината е во министерот. Но, на веќе закажана седница, да не може да дојде ниту министерот, ниту заменикот, само поради неусогласена агенда, тоа навистина е премногу.

Сакам да замолам, ова во иднина да не се случува. Ова е крајно лоша порака кон домашната и меѓународната јавност. Сакам да замолам да се има чувство за актуелниот момент. Нам практично ни остануваат уште 20-на работни дена до заклучувањето на денот после кој ќе се пишува ноемврискиот извештај во услови на одложени седници уште од јануари годинава. А, овој закон е токму од таканаречената европска агенда. Ние сме во неверојатен временски цајтнот и денес губиме 3 работни часови поради нечија суета или поради нечија неодговорност сеедно од која страна и да доаѓа. нека биде ова апел и кон претседателот на Собранието, потпретседателите односно претседателството што ги подготвува и закажува седниците. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Митановски.

Јас само малку би објаснил дека по ова прашање процедурата не е повредена во ниеден момент, бидејќи според членот 77 предлагачот на законот може да побара од Собранието одложување на расправата на посебна точка ил закон. Тоа е направено од страна на министерот, господинот Имер Селмани, на многу коректен начин каде што тој со писмо ни се обрати и многу коректно ни објасни за што се работи. Ние како Собрание го прифативме неговото барање, така што мислам дека не е некој голем губиток, имајќи предвид дека Собранието не работело со часови и поради многу побанални причини од ова. Но, секако ние ќе гоземеме предвид вашето барање и вашите критики упатни до претседателството на Собранието и се надеваме дека ќе најдеме можност да дојде до поголема координираност помеѓу двете власти во моментов.

Процедурално има Агим Рамадани, повелете.

Господине Рамадани, да му дадеме да се дообјасни господинот Митановски, повелете.

**Веле Митановски:** Апсолутно не се согласувам со вас дека три часа непотребно изгубено време се малку. Јас кажав во каков цајтнот сме ние во однос на извештајот што следи на 7 ноември. Повторувам, три час се и тоа како драгоцено време. Второ, јас знам и ги прочитав барањата, замолницата на министерот. Меѓутоа, тие стигнаа дури денес. Не можам да верувам дека институции од рангот на Владата и Парламентот не можат да си ги усогласат своите агенди за ние да не губиме време. Стојам на ставот дека ова е потценување на Парламентот, ништо повеќе.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Јас имам почит кон вашето мислење, иако не се согласувам со тоа, но како и да е.

Агим Рамадани процедурално три минути.

**Агим Рамадани:** Ви благодарам господине потпретседателе. Процедурално сум принуден да интервенирам во оваа насока дека денес имаме седница со определени точки на дневниот ред. Овие барања, кои ги кажаа колегите во врска со реакциите на затворениците за штрајкот со глад, за што не информираше господинот Тахир Хани, би му рекол на господинот и целата јавност дека во затворите нема штрајк, општ генерален штрајк, туку има штрајк на неколку затвореници кои се незадоволни со начинот како се осудени. Така и јас мислам, судам и велам дека е подобро да отпуштиш 100 затвореници на слобода, отколку да држиш еден човек невин во затвор. Значи, тие невини граѓани во затвори се производ на минатите 4 години на доминацијата на власт на господинот Тахир Хани. Ова е во насока на тоа дека оваа Влада ќе го уреди и ова прашање.

**Бесим Догани:** Ние се разјаснивме за процедурата.

Господине Слободан Најдовски, три минути процедурално.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе.

Мојата забелешка е навистина процедурална во врска со она што господинот Митановски говореше. Морам да ве исправам, вие сте најмалку виновен за оваа ситуација, за тоа е виновен чисто претседателот на Собранието. Ќе ви го прочитам следново:

Во член 56 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, став 4 пишува, “меѓу должностите на претседателот на Собранието, се грижи за усогласување на активностите на Собранието со претседателот на Републиката и со Владата”. А, членот 77 кој што вие го читавте, тоа не е за одложување на расправа, тој е за одложување на предлог на закон или информација која што ја има од страна на предлагачот, дали е Владата или некој друг, тогаш може да побара одложување. Ве молам, ова е само продолжение на она што претседателот го стави во поодредена состојба Собранието во однос на Владата. Се повеќе во ова Собрание на работните тела, на комисиите не доаѓаат министри и заменици министри. Како последен пример ќе ви го кажам вчерашната седница на Комисијата за економија. Денес повторно Владата диктира како ќе работи Парламентот. Пет часа седиме овде, јас не навлегувам во тоа дека министерот најверојатно имаше свои обврски, но должност е на претседателот, да не го повторувам членот, да ги усогласувам активностите.

Сакам да апелирам за следново, потпретседателе, чисто процедурално.

Да се обратите со допис од Собранието односно претседателот, да му предложите на претседателот повеќе на работно тело на Собранието на Република Македонија, со цела почит кон претставници како повереници од министерствата кои што се, почит кон нивната

стручност, но повеќе работно тело на Собранието односно на Комисија, не смее да работи ако не е дојден министерот или заменикот министер од надлежното министерство.

Второ, дека повеќе претседателот да не закажува седници ако не обезбедил, не се усогласил со Владата, нивните претставници да бидат овде. Ви благодарам.

Уште нешто да кажам, ова е чисто процедурално и се криши Деловникот за работа на Собранието и претседателот на Собранието го става во подредена улога Собранието во однос на Владата. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Јас го прифаќам вашиот предлог да се упати писмено до Владата во комисиските седници да учествуваат претставници од повисок ранг, тоа е во ред.

Што се однесува до вториот дел на кршење на процедура во членот 77 јасно се кажува во параграфот 1 дека предлагач на закон друг пропис, општ акт или материјал до завршување на претресот може да одлучи Собранието да го одложи претресот. Тоа денеска се случи.

Господине Најдовски, јас ве разбирам, не пишува ни пред ни после, пишува јасно и децидно. Ова е отворен претрес кој, по барање на министерот, го одложивме до 15,00 часот поради неговите обврски. Тука нема што да спориме. Така е.

Господине Хани Тахир, само ве молам, да не биде реплика на излагањето на господинот Рамадани.

**Хани Тахир:** Почитуван потпретседател,

Моја цел не беше да држам говор или да потенцирам дека во затворот во Идризова дали се со право или без право невини затворени, но оние кои беа во затвор знаат дека во еден затвор треба да постојат услови кои треба да ги исполнат основните стандарди за еден соодветен живот. Колегата кој потенцира дека не е процедурално, мислам дека не е негово право кога еден пратеник бара. . .

**Бесим Догани:** Ви правеше реплика и мислам дека тука сме начисто.

Во ред, продолжуваме по **првата точка - Предлог за донесување на закон за лековите и медицинските помагала, со Предлог на закон.**

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Почитуван потпретседател на Парламентот, почитувани пратеници, јас уште еднаш најдлабоко се извинувам затоа што морав да упатам едно такво барање до Парламентот за да побарам неколку часа одлагање на расправата. Морав да бидам на места за кои однапред беа договорени, присуствуваа поголем број на граѓани, така што ценев и се упатив со замолница дека ќе има разбирање од овој Парламент за одлагање.

Во таа насока не сакам повеќе да дискутирам ги сфаќам пратениците, ќе се потрудиме максимално понатаму во насока на таа координација да биде што поуспешна.

Во делот на самото излагање односно образложение на Законот, сакам само да ги информирам пратениците дека она што беше претходно расправано од неколку пратеници, исто така образложено од мене во врска со неколку члена од Законот поготово членот 108. Во меѓувреме имавме неколу интензивни средби со Здружението на аптеки во Република Македонија и Здружението на аптекарите после нашите средби и објаснувања излезе во јавноста со нивен став во сите пишани весници. Дозволете ми само да го прочитам нивниот став за да евентуално за нешто што е усогласено сепак пратениците да имаат информација уште еднаш.

Здружението на аптеките што се обрати до јавноста, во известувањето стои вака:

Ја известуваме јавноста и сите аптеки од Македонија дека ЗАМ поддржани од сите аптеки потписници на изјавата за поддршка ги продолжија преговорите во Министерството за здравство и притоа се разјаснија недоразбирањата околу членот 108 од Предлог законот за лекови.

1. Цените на лекови во државата од ист производител ќе бидат единствени на територијата на Република Македонија.

2. Цените на лековите ќе ги информира Бирото за лекови односно понатаму Агенцијата за лекови и тоа од производната цена се дефинира и големо продажната цена и јасно дефинирана малопродажна цена втисната на пакувањето.

3. Цените на лековите ќе бидат објавени во регистерот на лекови кој го издава Министерството за здравство.

Во таа насока сакав како нов момент пред ценетите пратеници да го прочитам и да го објавам, се разбира ако има потреба понатаму ќе се вклучам. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

За реплика е јавен господинот Кире Гештаковски, повелете вашите три минути.

**Кире Гештаковски:** Прво, сакам да реплицирам на господинот министер, господине потпретседателе, не е битно сега во овој момент како реагирале здружените аптеки на Македонија. Битна е поентата на членот 108. Битно е што во Република Македонија на пазарот нема да има поскапи лекови од 5000 денари. Џабе е проширување на позитивната листа, џабе се напорите на Министерството кога ни на една веледрогерија нема да и се исплати еден бизнисмен да работи со загуба. Да работи со загуба во супстанца. Никој не е луд да работи со добивка од 2,8% кога има вработени, кога треба да плаќа придонеси на државата, кога треба да плаќа парно, струја, телефон итн. Едноставно

нема да ги има тие лекови на пазарот. Кој ќе го плати целиот цех? Не треба да се прави популизам дека новата позитивна листа е зголемена за 56 од кои најголем број лекови за лечење на карцином кај деца, за лечење на трансплантација итн. Тие лекови ќе ги нема, најодговорно тврдам. Никој нема да работи со загуба. Со таа добивка од 2,8% кога тие пари ќе ги вложи во банка и ќе добие камата од 5%. Никој нема да го натера со сила тој да инвестира во тој бизнис. Цехот ќе го платат граѓаните на Република Македонија - пациентите. Ќе одат во други држави ќе го набавуваат лекот, а бидејќи е на позитивна листа после ќе бараат да бидат рефундирани цените, но ќе бидат рефундирани по овој фамозен и несреќен член само 500 денари ќе се признаваат на најскапиот лек.

Во моето претходно излагање ви кажав колку се тие средства 25% од целокупната вредност на меѓународниот тендер ги опфаќа овие лекови.Опфаќа голема популација на граѓани и затоа не е битно објаснувањето или спогодувањето со министерот и ЗАМ. Битно е што ова нема да функционира. Целиот товар ќе падне на граѓаните на Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас господине Гештаковски.

Има збор госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Јас навистина не можам да сфатам кога по трет пат расправаме околу Предлог законот за лекови и медицински помагала. Овластениот претставник на Владата на Република Македонија во својство на предлагач на овој закон има потреба наместо со нас да дебатира околу содржината на законот да се служи, за жал, со дневно-политички маркетиншки пораки.

Нема потреба вие господине министер да го цитирате обраќањето од ЗАМ бидејќи токму во текот на вчерашниот ден оствариме средба не само со ЗАМ, туку на заедничка маса седнавме и со претставници на фармацевтската комора на Македонија, а по повод овој Предлог закон. Доцните господине министер со оглед на тоа што напротив вие, во интерес на информирање на македонската јавност со целокупната вистина под притисок и влијание на дебатата на пратениците од пратеничката група на СДСМ вие седнавте на маса и преговаравте со ЗАМ. Вие им ветивте дека навистина ќе се потрудите да ги измените спорните одредби во Предлог законот што го нудите. Тие беа убедени и навистина во знак на задоволство од доброто договарање со вас беа убедени дека навистина имате капацитет, сенс и волја да обезбедите во овој закон:

Прво, фиксни цени на лековите на територијата на Република Македонија

Второ, комплетно усогласување на законските одредби со европската регулатива или како што говорев во претходната дебата да ја вратите првата фаза на Законот кога навистина овој закон го заслужуваше маркирањето како европски усогласен закон.

Вчера во текот на состанокот претставниците на ЗАМ се убедија дека не постои реализација на договорот од ваша страна односно до овој момент Владата на Република Македонија не поднесе амандмани со кои ќе го реализирате договореното. Тие навистина беа запрепастени како може да добијат цврсто уверување од ваша страна како член на Владата на Република Македонија предводена од господинот Груевски апсолутно да не стои зад нешто веќе договорено. Дали господине министер вие почнавте да се однесувате во стилот на почитуваниот премир Груевски за кого договор има, нема, па прави разлика помеѓу усни и писмени договори, да не се служам со дигресии. Но, вие не го испочитувавте договореното со фелата. Она што навистина сакавме да ви го предочиме фелата бара квалитетен закон кој ќе ги уреди сите сегменти од начинот од фармацевтсткото дејание и начинот на дистрибуирање и промет со лекови и медицински помагала во Република Македонија.

Сосема накратко, со оглед на тоа што изминаа повеќе од три недели откако дебатиравме околу составот на законот вие поднесовте само еден владин амандман со кој фингиравте подобрување на членот 29. Она што за нас е клучно на кој начин во Република Македонија ќе се добива дозвола за промет на лекови или да бидам сосема конкретна и прецизна на кој начин граѓаните на Република Македонија ќе доаѓаат до лекови и дали тоа навистина ќе бидат квалитетни лекови, бидејќи само пред 10-тина дена македонската јанвост се соочи со хаосот на кој се изведуваат тендерите за набавка на лекови.

Да ви го споменам случајот со индискиот цитостатик.

Со член 29 и некои понатамошни членови кои вие не сакате да ги измените вие кратко речено ќе ја претворите Република Македонија во депонија за лекови, за кои никој нема да гарантира квалитет, и онака најголеми бодови на тендерите добива цената. Значи не е битно дали е лекот квалитетен, не е битно дали лекот поседува навистина перформанси кои ќе бидат задоволувачки за европските критериуми, бидејќи Европа е критериумот кон кој се стремиме, а не африканизација или не сакам да речам некој друг погрден збор.

За жал значи до овој момент повторно ќе се навратам дека вие господине Селмани тоа е се за првата фаза на законот за лековите и медицинските помагала комплетно направен со помош на европски стручњак госпоѓата Весна Коблар. Во меѓуфазата на 18 јуни влезе во собраниска процедура, вие изменивте неколку членови. И наместо да добиеме европски закон во овој момент ни нудите и цврсто стоите, на еден не балкански закон, туку закон кој апсолутно протежира единствено интерес на

фармацевската олигархија во Република Македонија. Ги употребувам зборовите точно на претставниците на Здружението на аптеки на Македонија, кои до вас доставија дури и протесно писмо. За да можат да иницираат состанок, за да можат рамноправно да учествуваат во креирањето на овој закон за кого тие се една од странките кои се најзаинтересирани. Бидејќи законот, не се сомневам во тоа дека ќе го донесете, бидејќи го контролирате апсолутно владеачкото мнозинство, ќе биде на штета не само на сите релевантни фактори во прометот на лекови во Република Македонија, за жал ќе биде на штета на грбот на сите граѓани на Република Македонија. Бидејќи ниту граѓаните ќе имаат единствена цена на лекови на територијата на цела држава, ниту пак ќе бидат убедени дека го добиле најквалитетниот лек, по најповолна цена, она за што сме сите заинтересирани, напротив овој закон вашиот предлог ќе им обезбеди поволни услови за делување на трговците со лекови кои се занимаваат со продажба на големо тоа се веледрогериите за жал иако вие во претходните обраќања ветувавте дека конечно ќе ставите ред и поредок во областа на оваа сфера, напротив вие се повлековте господине Селмани. И за вашето повлекување, иако бевте многу пати прозвани, не сакавте да говорите. Очигледно немате аргументи, очигледно работите под нечија присилба. Присилба која ве тера да застанете да ги браните единствено интересите на оние што богато, навистина богато печалат на грбот на граѓаните во прометот со лекови. И џабе ви е господин министер потоа, да кажувате дека оваа Влада навистина намерава да изврши сериозни реформи во здравството. Оваа Влада намерава мислам, во тек е и веќе јавноста е јасно запознаена што се случува со буквалното брутално демонтирање на Клиничкиот центар, од кој што единствениот ќар ќе го имаат граѓаните ќе биде не знам 64 нови директори. Или пак, граѓанинот кога ќе има потреба од вистинско дијагностицирање на својата болест, ќе мора да тропа на врати, на четири, пет, недај Боже и седум различни клиники. Ниту ке има поквалитетна услуга, ниту ке има поквалитетни, а поевтини лекови достапни, најблиску што може да ги најде, значи до најблиската аптека, за жал господине Селмани, не се сомневам дека и ова ќе го одмолчите. Но тоа е тоа, што е. Јас сум уедена дека овој закон како што мислите да го протежирате најпрво, ќе доживее скандалозно паѓање на делови и одредби од него од Уставниот суд. Бидејќи токму вие не убедувавте претпоставувам се обидовте да ги уверите и претставниците на здружението на аптеки, дека законот во членот 166 кој да потсетам е делот од преодните и завршните одредби од законот се гарантирале фиксни цени. А замислите, законот има Глава 3, носи наслов формирање на цени, членот 108 апсолутно, математички го предвидува начинот на кој ќе се формира фиксната цена, јас навистина барам од вас едно логично размислување. Може ли две спротивни одредби од еден закон да регулираат иста материја со кој членот 166 обезбедува фиксна цена, а членот 108 давате квантум на секој трговец на големо или мало може да одбере од тој квантум. Значи штом вие во законот ставате одредба дека центата ќе се формира од 0 до 30%, дали еден од аптекарите доколку одлучи да оди со 28% ќе го скрши законот? Не. Но истиот кој има аптека до него, одлучи да го користи процентот до 24, ќе го скрши ли законот според вас? Не. Ете тоа е начинот на кој вие иако во првата реченица од член 108, велите дека токму овој закон, дозволете да цитирам, цените на лековите се формираат слободно, формирањето на цените на лековите се врши на начин, сте рекле што не е дискриминаторен и недозволува дампинг, со овие одредби кои следат понатаму во ставовите од истиот член овозможуваат разноликост на цените од аптека до аптека. Различни цени од веледрогерија до веледрогерија. Наместо да имате интенција да ја форсирате конкуренцијата на ниво на производител што е апсолутно европски критериум, вие тоа со овој закон протежирате токму спротивното. Со овој закон се протежира разноликост на цени и ќе дозволува дампинг. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас госпоѓо Бендевска.

Госпоѓице Андоновска, за реплика? Повелете.

**Марија Андоновска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувана колешке кога веќе претпочитате да говорите за здравството и сте заинтересирани за здравството јас би ве прашала, бидејќи сте пратеник од Битола, верувам дека имате информации, бидејќи при нашето доаѓање во Битола во Клиничкиот центар затекнавме долг од 120 милиони денари и блокирана сметка за 45 милиони денари.

Утврден недостиг на елементарни лекарства и потрошен материјал.

Нерационално работење. Откриени се огромни залихи на одредени медицински материјали за две, три и повеќе години.

Клиничката болница должеше 3 милиони евра и беше со блокирана жиро сметка. Можеби можете да ни одговорите каде се овие пари, каде завршија овие пари кои што вие ги украдовте. Меѓународниот тендер за лекови е обврска на претходната власт која требаше да го спроведе во првата половина во 2006 година. Нека одговори СДСМ, или вие зошто тоа не е направено, а спротивно на тоа ние воведовме референтни цени во Законот во март 2007 година, за разлика од вас кои што тоа не го направивте 15 години. Би ве запрашала за уште неколку работи. 22.06.2004 година Пановски набавил лекови чиј рок истекува за еден месец. Повеќе од 1800 пакувања за лек за покачен крвен притисок и простата биле дистрибуирани во градските аптеки. Рок истекува за 1 месец. Можеби ќе ми одговорите на ова. Имам и други прашања за вас, зошто Фондот за здравство ги

купувал лековите по цени многу повисоки од реалните? Сега ние се обидуваме да направиме нешто друго. Вие претпочитате да го правиме она што вие го правевте, да ги купуваме лековите за многу повисоки цени од реалните? Веледрогериите во вашето време ги наполнија аптеките со непотребни лекови, но не со оние потребни за пациентите, туку со лекови кои не се трошат. Овие лекови сега ќе одат на фрлање. Одговорете ми ве молам на овие прашања.

Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓице Андоновска.

Контра реплика, госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Од кого ги добив овие прашања? Од партискиот суд на ВМРО-ДПМНЕ? Кој сте тоа вие госпоѓо Андоновска која констатиравте определени состојби. Ова вака изгледа, страховладата предводена од ВМРО-ДПМНЕ и лидерот Никола Груевски? Јас пак ќе ви кажам сосема спротивен факт. Управата за јавни приходи како релевантен државен орган го тврди токму спротивното. Значи, има документ со кој се гледа дека Клиничкиот центар во Битола, Клиничката болница во Битола работела, имала добри резултати бидејќи последното раководство оставило подобра финансиска ситуација од онаа што ја нашла. Тоа е факт. Партискиот суд ли од ВМРО-ДПМНЕ влегува и контролира финансиски документи? Дали кадија те тужи и кадија те суди е промовирање на ваквото судство. Штета госпоѓице Андонова, бидејќи вие во овој момент го нарушивте основниот принцип на независност на пратеникот како член на законодавниот дом.

**Бесим Догани:** Има збор господинот Азис Положани, повелете.

**Азис Положани:** Почитувани дами и господа пратеници,

Очигледно дека Законот за лекови колку што е законска материја која што е наш предмет, толку е и практична и чувствителна материја која што во секој момент предизвикува одредена потреба од разјаснување и разгледување на состојбите за да се изнајдат со самиот закон, не како таков, значи само написмено, туку фактички да уредува некои состојби кои подолго време се покажуваат и во практика, а и од аспект на интересот на засегнатите групи како доста важен. Јас сум меѓу тие кои што ценам дека законот е потребен, дека празнините, недостатоците, кусоците кои што досега беа на некој начин евидентирани да се надминуваат и преку законска регулатива која што ќе биде добра основа за едно поинакво уредување на оваа дејност. Тоа што го направи господинот министер со објаснување дека се дошло до некој договор со одредена интересна група, а која што ги претставува аптеките, здруженијата на аптеките и т.н. индивидуални и помали здравствени организации. Ние имаме едно спротивно писмо од тогаш. Сега ако е тоа така како што вели министерот, и ако тие прифатиле, за мене ништо не е спорно во тој контекст. Но, не треба да заборавиме дека проблемот, или дел на таа група која што ја засега проблемите со лекови, нормално е дека од една страна тие што плаќаат придонеси и што сакаат со закон предвидени обврски да ги исполни државата спрема нив. Значи, освен овие што ги спомна и министерот, а тие што не се спомнати, а исто така се предмет кој што ги засега овој закон, значи, веледрогериите, производителите на лекови, тргувачите на лекови, па и аптеките како стручни и професионални делови. Значи, пред се мора и со закон да се најде одговор и на некои прашања кои што ги поставуваат пациентите, значи не само тие што се во овој меѓу простор и што служат за иста цел. Но, затоа во тој контекст и за освежување, да кажеме и на сознанијата на господата пратеници што се тука и врската меѓу првата дебата која што сега на некој начин времено се вклопува, можеше да биде многу комотно како и втора фаза со повеќе шанси за подобрување и процедурално на самиот закон. Но, велам, времено се поклопува на некој начин на две временски фази, без разлика и процедурално што не е така. Мислам дека во овој контекст добро е да се објаснуваат и две работи кои што се поврзани и со пациентите. А кои се тие? Јас би ги спомнал. Прво, сега има една практика која ја афирмирам тука како пратеник побарано од многу пациенти кои што навистина не се во можност во такви услови да ги користат своите права барем на начин на кој што се можни за еден пациент каде што се бара во неможност да најдат лек со рецепт, да го купат тоа со пари, а притоа да им носат пет потврди од пет различни аптеки дека таа цена била најевтината во регионот, или во општината итн.

Господине министре, вие знаете дека има едно писмо, едно укажување од Фондот кое што на овој начин ги упатува вработените во подрачните единици на Фондот во случај на немање на тој лек, ако се купува, да му се однесе пет потврди од пет различни аптеки за одреден лек. Мислам дека без разлика на добрата намера, без разлика на намерата што се сакало на овој начин процедурално да се оневозможат одредени негативни, да кажеме, аспекти, деанија во овој правец. Мислам дека тоа за пациентите е скоро невозможно. Ова ви го кажувам со устата на самите пациенти, човек посебно кога е самец и кога е и пациент и во стари години освен што го нашол лекот со пари кога ќе треба да се рефундираат треба да трча во пет други аптеки да најде потврда, при што тие аптеки не му даваат, затоа што знаете како е таа конкуренција, ако си го земал лекот кај друг, зошто бараш сега од мене да ти дадам потврда. Затоа не навлегувајќи во причините, јас се јавив во Фондот и прашав дали е тоа точно. Тие ми потврдија дека тоа е точно. Мислам дека тоа е некоректно, тоа е невозможно да се реализира право за лек во такви услови. И барам да се одговори, дали после овој закон, значи со усвојување на овој закон оваа практика не ќе биде потребна и овој

начин на малтретирање би бил потребен, а не на лекување. Со донесувањето на законот, ако се укине оваа практика и со донесување на овој закон навистина ќе има повеќе лекови на начин на кој што им е гарантирано со закон на пациентите без тие да се малтретираат, тогаш тоа би било во ред. Ако тие пак бидат принудени на овој начин да ги реализираат своите права, мислам дека е спротивно на сите норми и кодекси и можности на пациентите пред се. Значи, би било добро да се одговори на ова прашање да знаеме што очекуваме практично во однос на снабденоста, пристапноста и полесната можност за реализација на право на лек. Тоа е прво.

Второ, ова го кажувам и од практиката и од сознанијата на пациентите, а може да ви служат за едно разгледување на политиките во однос на материјата на позитивни листи на лекарства. Се случува во позитивната листа да има одреден лек кое што се покажува во практиката дека клиничкиот ефект од тој лек не е соодветен, апсолутно не е соодветен ако и вие и јас и сите ние им веруваме на здруженијата на лекарите и специјалистите дека тоа е така. Истиот лек од некој друг производител, со друго име, а со исто генеричко име е многу поефективен, но поскап е. И што се случува со упатите на специјалистите, дека тие се упатени да го купат поскапиот лек заради подобриот ефект што јас веќе верувам и се надевам дека тоа е врз база на нивно стручно долгорочно уредување врз основа на лекот. Тие го купуваат поскапиот лек и кога одат да го наплатуваат тоа, ќе му ја дадат цената на тој поевтиниот лек кое што би било добро кога неговиот ефект би бил ист како на тој што е поскап. Но, за жал клиничарите потврдуваат дека тоа не е така. За оваа работа не сакам никого да обвинам. Но, па поставувам прашање, дали е време за поставување на прашање за разгледување на позитивна листа по тој основ. Ако одредени лекови кои што се сега на позитивна листа, господине министер, се покажале како неефективни како таква служат само за форма преку таа цена Фондот да се растерети од одредени обврски во однос на подобар лек, веќе е печена состојбата да се разгледува листата и ако е точн одека тие лекарства не се ефективни. Сега не сакам да ги набројувам од чие производство се, од која фабрика, затоа што не сакам да правам пропаганда за некоја фабрика, тоа е ваша должност и на стручните служби во Дирекцијата за лекови да ги најдете, по тој основ да се разгледа позитивната листа и тие лекови што немаат веќе ефект и што сите клиничари не ги употребуваат, а само се на листата на лекови за да се оневозможат пациентите да ги користат, или да ја надокнадат разликата на цената како добриот лек, ако се само поради тоа, значи не треба да бидат, тогаш да се симнат од позитивна листа за да не се малтретираат пациентите и докторите да имаат исти расудувања за овие состојби и да нема можност веќе за тоа, затоа што пациентите плаќаат големи пари за надокнада на разликата меѓу истиот генерички лек, но кој што се произведува на едно, или друго место, или на една, или друга фабрика под такво и такво име која што разлика помалку плаќал од поевтината, затоа што тој поефтиниот лек е на позитивна листа. Мислам дека овие две прашања се поставуваат дневно од пациентите, ги засегаат нив, не се поврзани со бизнис структурите, можеби тие имааат влијанија во други структури, но добро е првото, како што реков, да се каже, или да се афирмира дека со носењето на овој закон ќе се менува начинот како се доаѓа до леков и ова малтретирање на пациентите со пет потврди од пет различни аптеки итн, итн. Значи, после овој закон ќе ја нема таа практика. И второ, ако веќе имаме некорисни лекови на позитивна листа кои што се докажале долго време, консултирајќи ги и здруженијата, научните асоцијации имаат повеќе забелешки на овие работи. И тие лекови за да не се малтретираат луѓето, за да не плаќаат дополнително, нека ги има во помал број, да не се оптеретува Фондот со нив, но тие што се непотребни подобро е да ги нема на позитивната листа, за да не бидат причина за ова малтретирање и дополнување на средствата од страна на џебот на пациентите. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Почитуван господине Гештаковски, јас се извинувам, бидејќи не забележав дека сте за процедурално, но претходно му дадов збор на господинот Положани и очекувам разбирање од ваша страна за ова недоразбирање.

Повелете три минути процедурално.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине потпретседателе. Ми се врати надежта во работата на Собранието, бидејќи мислев дека и вие го фаќате патот на нашиот претседател на Собранието. Пријатно сум изненаден од вашето извинување и најискрено не ви го земам за никаква замерка.

Сакам да го искористам моето деловничко право, да интервенирам во оној момент кога од собраниската говорница ќе се искаже груба невистина, или некоја неточност. И сакам да ја исправам. Во претходното излагање беше искажано дека во Република Македонија се воведени за прв пат во историјата референтни цени. Најодговорно тврдам дека не постојат референтни цени, иако со еден комунистички декрет од 15 март оваа година во едно законско изменување беше кажано дека во Република Македонија после осмиот ден од влегување на сила на овој закон се воведуваат референтни цени. Тоа ми наликува исто како да се кажеше дека после 8 дена Владата на Република Македонија ќе се качи на Марс.

Сега заради правилна информација на јавноста, на граѓаните на Република Македонија. Ќе го замолам министерот да каже, дали постојат референтни цени во Република Македонија, или не? И ако постојат да ми набројат барем три

лекови, или еден, еве пеницилин, ампицилин или цефалексин, која е референтната цена барем на еден лек во Република Македонија? И да се знае, дали постојат, или не, референтни цени во Република Македонија. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор министерот за здравство, господинот Имер Селмани. Повелете.

**Имер Селмани:** Се плашам дека сега почнавме со пратенички прашања. Имаше прашање за ревизија на позитивната листа кое што не е предмет на овој закон, имаше прашање за начинот на дистрибуција на лековите по аптеките, кое што не е предмет на овој закон, имаше прашање, дали има референтни цени во Република Македонија, кое што пак не е предмет на овој закон. Јас би можел да одговорам на сите прашања, меѓутоа мислам дека треба да се фокусираме на законот и ако нешто има забелешка, коментар, сугестија, тука да се концентрираме. Инаку можам да ви одговорам на сите овие прашања, ќе ми земе време 15 минути до половина час. Ако имате вакви прашања, повелете, поставете пратенички прашања, верувајте со задоволство ќе ви одговорам, затоа што има доста материјал за одговарање.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Процедурално господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, мојата процедурална забелешка е до вас. Мислам дека требаше да интервенирате за време на излагањето на министерот дека тој е овде во Собранието и да одговара на поставени прашања во ден и кога не се пратенички прашања. Кога дискутираме за еден закон сосема е нормално да прашаме за одреден член, дали е така, или не. За жал Собранието и претседателот Љубиша Георгиевски не ни дозволува кога има пратенички прашања да има седница. И ние сме приморани денеска да прашуваме за некои работи што се поврзани со вашата област што ја покривате. Најубав министер знаеме кој е, ама за некои прашања сакаме да добиеме одговор. И тоа сака и јавноста да го чуе.

**Бесим Догани:** Мислам дека министерот ви одговори и тоа ви одговори дека прашањата не се од материјалот на точката која е на дневен ред.

Господине Положани, повелете, три минути реплика.

**Азис Положани:** Господине потпретседателе, не треба да се браниме едни од други, или да образлагаме одредени ставови кои што ценам дека не се во ред. Тука не се работи за прашања кои што се конкретно поврзани со некој член. Сами рековте и министерот објаснуваше дека одредени проблеми што ги создава, или сака да ги реши овој закон, а се предмет, кои што влијаат на односите за аптеките итн, тие не се дирекно засегнати со некој член, но се работи за цени, се работи за регулирање на состојби кои што треба да ја подобрат состојбата со лекарства во земјата. Ако имаме унифицирани цени, ако имаме јасни состојби од овој аспект, тогаш се очеккува таквите состојби кои што се сега, каде што се бараат 5 потврди, каде што се бараат и други работи да се реализираат, нормално дека е поврзано со некој закон.

Законот за лекови е основен што треба да даде одговори не само на она што е принципиелно напишано, но велам, пациентите, најискрено ви велам, пациентите ми се обратија со овие прашања. Дали овој закон, откако ќе се усвои, овие недостатоци, ги има и многу повеќе, но овие со кои секојдневно луѓето се среќаваат, дали ќе ги нема? Ако еден закон претендира да уредува некој аспект што ќе задоволи одредена потреба за задоволување на некоја директива на Европската унија, што е  наша интеграциона потреба и компонента, во ред. Да кажеме дека ги донесувама законите само поради таа причина.

Но, ова се две работи што, на некој начин, поради кои што, поради неуредно регулирани, лошо регулирани, веројатно има и непочитувања итн, и други причини, вакви состојби и вакви можности се присутни и со нив се соочуваат пацинтите.

Прашање е, со донесување на овој закон, нека биде средена едната од нив или до некоја мерка подобрена, јас не очекувам овој закон по ослм дена да има мед и млеко во Македонија, во однос на лекарствата. Но, барем да дава јасни знаци дека навистина со новите решенија ќе се подобри состојбата во тие сфери, и тука нема позиција и опозиција. Сите, ако бидеме пациент, во моментот кога ќе станеме пациент, еве, како што евентуално како што можам јас да бидам сега, ќе се соочиме со вакви проблеми.

Проблемот е дали се решаваат, не е проблем дали јас тука сакам да покренам некои прашања или да ја злоупотребам говорницата од овој аспект. Ако министерот не е подготвен да одговори или се потребни дополнителни сознанија од Фондот, јас оставам можност да се консултира и во некоја друга можности и тоа нека го каже. Една недела, две, три, не е проблем. Но, мора да се даде одговор на некои прашања кои се секојденвни во однос на пациентите. Не само за веледрогериите, апотеките и другите работи што јас ги ценам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор господинот Никола Поповски, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Учествував во општиот претрес. Сега бев директно поттикнат од министерот со тврдењата и неговите две дискусии што ги искажа тука. Сакам да го соопштам следново:

По повод одбивањето на министерот да одговори на прашањата поставени од пратениците кои се во рамки на Законот, сметам дека тој се однесува неделовнички. Затоа што, еве, ќе го прочитам членот 147, Деловникот го обврзува него, иако е член на Влада, затоа што Деловникот е за седници на Собранието. Ги опфаќа и оние кои

предлагаат и оние кои одлучуваат во Собранието.

Со оглед дека министерот се одлужил Предлогот за донесување на закон да го даде во фаза заедно со Предлог на закон, значи дека на истата седница ги разгледуваме по истата точка од дневниот ред и двете фази. Тој е должен да даде објаснување. Тој тоа го избегнува. Ќе го прочитам членот 147:

“Поносителот на Предлогот за донесување на закон (во овој случај тоа е министерот за здравство) на почетокот на претресот може да даде образложение по Предлогот (и понатаму) има право да учестува во текот на целиот претрес”, па сега цитирам “заради давање на појаснувања”. Значи тој има право да учествува во целиот претрес заради давање на појаснување.

Господинот министер, правото што му го дава Деловникот не го користи. Меѓутоа, додаде уште нешто, што не е негова задача. А, тоа е , ако имате пратенички прашања поставете ги на денот на пратеничките прашања.

Господин министер, господинот Гештаковски и другите кои истото прашање го имаме до вас, после изнесувањето на госпоѓица Марија, вие, за да ја заштитите неа, тоа што го кажува, а не е точно, го кршите Деловникот.

Тука пишува дека пратениците имаат право во оваа фаза да бараат појаснување, како што пишува овде и вие имате право да учествувате во претресот заради давање на појаснување. Вие одбивте да дадете појаснување, што го ценам за ваше право. Меѓутоа, не го ценам за ваш добар однос. Деловникот е напишан куртоазно. Пишува - има право да даде појаснување. Вие кон тоа нихилистички се однесувате.

Сега, само да го прочитам членот 1 од Законот што вие ни го предложивте. Тука пишува “со овој закон се уредуваат: лекови и медицински помагала за употреба во хумана медицина, услови и начин за обезбедување на нивниот квалитет, безбедност, ефикасност”, начини, постапки итн, скокам за да не одземам многу време, “формирање на цени”. Значи вие ни предлагате, во суштинската одредба општата одредба дека со овој закон се уредува формирањето на цени.

Господинот Гештаковски за формирање на цени да дадете појаснување што е одедба во овој закон, а вие кажувате дека за тоа - пратенички прашања. За тоа не се пратенички прашања, за тоа е дебатата во овој Парламент. Тоа сакав да го кажам и вие сега имате должност, не по Деловникот, по Деловникот имате право, меѓутоа имате одважна должност, колегијална должност да одговорите на господинот Гештаковски, кога веќе на почетокот земавте збор екстра од расправата во врска со формирањето на цените, нешто што никој не ве праша, да си го образложите во овој Парламент, како писмо на ЗАМ. И сега, кога по повод на ова ваше излагање ви се поставува ова суштинско прашање за стручна работа, за што сте вие надлежен, вие одбегнувате да дадете, а затоа Деловникот ви дава право.

Ценам дека избегнувате да му дадете на Парламентот релевантни информации што се битни за донесувањето на овој закон. Толку околу таа работа.

Втора работа, сакам да реагирам на начинот на кој реагиравте тие на почетокот на расправата со читањето на писмото што до вас или не знам до кого, до мене барем не е доставено, се едно, од Здружението, што го прочитавте и рековте - сакам ова вие да го имате предвид. Го повторивте и на почетокот и на крајот. Претпоставувам, со тоа сакате да извршите соодветен притисок врз пратениците дека вие сте се усогласиле со Здружението на атпекита на Македонија и дека ако веќе вие сте се усогласиле ние тоа треба да го имаме предвид во натамошната расправа.

Господин Догани и господин Селмани,

Сакам да го прочитам членот 62 од Уставот. Тука пишува - Пратеникот ги претставува граѓаните. Значи, ние не го претставуваме овде Здружението на аптеките. Ние ги претставуваме граѓаните. Особено по повод на овој закон како што кажа еден од предалгачите нашиот основен интерес не се аптеките. Нашиот основен интерес се осигурениците во здравственото осигурување кои се милион и 600 - 700 илјади во оваа држава или 90% од граѓаните, а вие вршите притисок врз пратениците со читање на договор помеѓу вас и аптеките. А, јас ве упатувам на тоа дека и вам приоритетен интерес треба да ви бидат осигурениците и граѓаните, а не аптеките.

Ние имаме одредба што ја прочитав, нема да ја повторувам, дека пратеникот ги претставува граѓаните, а не Здружението на аптеките. Не знам вие кого претставувате. И дополмува - во Собранието одлучува по свое уверување. А не под притисок на министерот или писмата што ги добиваме. Инаку, ако сакате да сте чесен пред нас и пред себе, тогаш не е лошо да ги читате на глас сите дописи што доаѓаат до нас по повод закони за кои што сте вие предлагач. Па, ќе видите дека таму има многу квалификации и многу барања на кои нема да бидете горд да ги читате тука.

И третото, во врска со овие одредби за кои станува збор, сакам да посочам еден случај, што сум уверен дека ќе биде случај после донесувањето на законот и применувањето на одредбите за што моментнтов разговараме.

Господин министер, сакајќи регулацијата на цените да ја доведете на ниво на командна економија, на договорна економија вие ќе направите проблеми во набдувањето на лекови за што зборуваше и господинот Гештаковски. И тоа вака се случува во здравствениот систем. Пред 15-20 дена еден мој позна доби повреда на менискус. Кога отиде на Клиничкиот центар, таму каде што можеше да му се сними ногата, да се види што понатаму, ниту еден апарат не

работеше. Му рекова дека додека не се поправи апаратот, тој не може да биде прегледан, ногата да му биде снимена и да се види што понатаму. И здравствените власти од јавното здравство му сугерираа дека единствениот апарат што работи во овој момент се наоѓа во приватните поликлиники во Скопје, што не работи со зелени картони. Тој човек има здравствено осигурување. Си замина, беше услужен, за среќа, од приватните установи, меѓутоа си плати 10.500 денари, при плави картони во џеб. Тоа ќе ја чека Република Македонија и со цените на лековите, односно снабдувањето со лекови.

Веќе почнавте да создавате систем на командна економија во формирањето на цените на лековите, што еден ден ќе заврши дека лек за таа и таа болест има, дека лекот чини 2.200 денари меѓутоа никаде го нема. Е, го има само во некоја аптека која не работи со никакви картони и ќе ви го наплати по 10 илјади во тој момент.

Таквата заштита на граѓаните не е во интерес на граѓаните. таквата здравствена заштита не е во интерес на осигурениците. Затоа ве молам да не поштедите до читањето на писма кои, барем мене ништо не ми значат, затоа што јас одлучувам така како што мислам дека е добро во однос на тие кои овде ги претставувам. Тоа се граѓаните на Република Македонија. Сето друго го сметам за притисок. А, плус, ќе заврши така како што кажав со примерот. На крај, некој лек што вие го регулирате, на начин на кој вашиот потпретседател на телевизија излезе да го образлага како во времето на 1977 година, а не во времето на 2007 година. Потпретседателот на Влада, образлагајќи како мерките во здравството, зборувам за здравството, ќе се одразат, почна на телевизија да прави пресметка колку ќе чини еден лек. Колку ќе биде маржата, колку ќе биде данокот, колку ќе биде набавната цена, произодната цена, се, човек да помисли дека е најдобро, наместо да имаме закон за лекови каде што пишува формирање на цени, да формирате едно државно тело што ќе ги набавува и определува цените во Министерството. Тогаш ќе нема потреба од ништо друго. Тоа ќе заврши со проблем во снабдувањето со лекови. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Поповски.

Јас морам да ви укажам на некои работи.

Прво, морам да ви укажа, единствен човек кој го кршеше Деловникот во изминатиот половина час бев јас, што ви дозволив да го прекршите членот 148, каде стрикно ви се кажува да зборувате по точката на дневниот ред, а не да спорите за процедура, без да барате процедурална забелешка.

А инаку, што се однесува до членот 147 вие добро го знаете, многу јасно и многу јасно кажавте дека министерот не е должен туку има право, што е голема разлика да се има право и да се има должности или обврзаност на одговор.

Исто така, што се однесува до членот 62 од Уставот што го цитиравте, јас не слушнав некој да ви го брани правото да бидете претставник на граѓаните, или да ви каже, да бидете претставник на некое друштво или било што.

Тоа спорење е ваше право, но пак настојувам дека јас го прекишив Деловникот што ви го дадов правото да спорите по членот 147, а да го прекршите членот 148. Како и да е јас ви благодарам.

Господине барате збор процедурално, повелете.

**Никола Поповски:** Господине потпретседателе,

Мене ми е жал, мислам дека несогласувањето со моите политички ставови ни создава проблем да ја водите седницата кога јас зборувам.

Членовите од Деловникот што ги цитирате погрешно ги цитирате и членовите од Деловникот на кои се повикавте погрешно ги толкувате. И тоа свесно погрешно ги толкувате. Затоа оттаму доаѓа вашиот однос кон мојата дискусија.

Мојат дискусија е дискусија и ако јас оценам дека во дискусијата можам да се осврнам и на процедурата, не можете да ми забранте. Можете обратно, ако барам процедура, а се осврнам на закони. Инаку, обратно не можете. Тоа ќе се консултирате после седницава и ќе ви објаснам. Сето друго што го кажавте е само колку да направите нешто затоа што не се согласувате со тоа што го кажав. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Најверојатно после седницата ќе ми објаснат и мене како ви објасниле вам сите овие години и да не спориме за тоа.

Реплика има министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Само едно појаснување.

Овој закон ги уредува цените и начинот на формирање на цените. Меѓутоа не референтните цени.

Поставеното прашање беше за референтните цени. Тука не се предмет референтните цени. Меѓутоа, подготвен сум да одговорам, но тој одговор ќе одземе многу време. Истото и за позитивната листа, за начинот, за комисиите. Истото и за дистрибуција на лекови што се право со акти на самиот фонд и начинот на издавање на рецепти итн. Сето тоа бара долго време.

Јас во интерес на времето. Реков, подготвен сум да одговорам и ќе одговрам. Меѓутоа, по ниту еден член на овој закон, таа материја што вие ја спомнавте и другите соговорници не се уредува тука. Во таа насока беше сугестијата дека да, поставете прашање, јас ќе одговарам. Ако цените дека ова се веќе поставени прашања, во меѓувреме како е процедурата ќе одговорам на сите овие три - четири прашања што ги поставивте.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министре.

Госпоѓо Бендевска ви се пријавивте за збор, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Во контест на она што го слушнавме околу забелешки во процедурата, во однос на дообјаснувањата што министерот за здравство, господинот Селмани е дожен да ги образложи, односно да го брани својот Предлог-закон за лекови и медицински помагала, навистина кратко сакам и инсистирам на конкретен и прецизен одговор околу владиониот амандман по Предлогот на законот за лекови и медицински помагала што го добивме во текот на јули 2007 година, додека траеше расправата.

Што се однесува до член 29, господине министре, моето прашање би изгледало вака, - која е разликата помеѓу лекови што веќе поседуваат одобрение во најмалку три земји членки на Европската унија, па Агенцијата ќе го одобри барањето во рок не подолг од 15 дена. Која е разликата помеѓу лекови од вториот став, со оние што поседуваат одобрение за лек во помалку од три земји, во две или во една земја од Европската унија, па тука сте предвиделе рок за делување на Агеницијата од 90 дена.

Визави вашето трето можно решение, кога станува збор за лекови што имаат одобрени во земји од САД, Јапонија, Швајцарија и Канада каде сте предвиделе во рок од 60 дена Агенцијата да го одобри или одбие барањето за ставање на лекот од промет. Мислам дека сум конкретна и јасна.

Имате ли објаснување зошто го променивте членот 29 од прват фаза, каде што не дистанциравте за лекови од која земја потекнуваат односно визави, комплетно, имаше законско решение дека секој лек што потекнува од различна земја во рок од 90 дена да одговори по барањето за ставањето на лекот во промет. Дали на овој начин не ја форсирате нееднаквата положба на лековите кои доаѓаат од различни географски ширини од земјинат топка? Или, да бидам уште поконкретна, не значи ли тоа дека со овој закон грубо го нарушувате принципот на слободна трговија. Да потсетам Република Македонија е полноправна членка на ова меѓународно тело. Зошто лекот од САД е на некој начин е ставен во понерамноправна положба од оној лек што има одобрение од три земји членки од Европската унија на пример, Германија, Франција, но и од Бугарија или пак од Романија, или пак од Кипар. Имате ли објаснување како ќе го браниме ова законско решение откако ќе го гласаме во поглед дали ги задоволува принципите на заштита на конкуренцијата од монополистичка позиција.

Ете, тоа е една од многу сериозните забелешки што ги ставаме како пратеници, без оглед на нашата политички опција, без оглед на нашиот опозиционене стаж. се надевам дека во овој момент нема да ми одговорите со молчење или пак, не дај боже, со читање на повикот до пратениците од Собранието, кое во печатените медиуми е потпишано од страна на некоја квази невладина организација што за прв пат се појави во Република Македонија и се вика “ЗА ПОХУМАНО ЗДРАВСТВО”, што се грижи за хумано и солидарно здравство и кое очекувам во најмала рака, веднаш да реагира со повик до претставниците, членовит на Владата на Република Македонија да имаат многу посериозен однос кога Собранието треба да решава за донесување на многу суштински закони, како што е законот за лекови и медицински помагала. Благодарам.

**Имер Селмани:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Значи, член 29 воопшто не ја допира материјата околу трговувањето односно околу прометот или неограничената продажба на лекови, туку околу постапката за регистрација.

Значи имаме постапка за регистрација која што се разликува по тоа дали некој лек е регистриран во помал број од три земји членки во ЕУ, во поголем број од три земји членки на ЕУ, во земјите кои што се референтни, како што се САД, Јапомија, Швајцарија итн., или пак од земји кои што не влегуваат во овие претходни три категории на земји односно сето останато каде што влегуваат Кина, Индија, Пакистан итн.

Разликата во постапката помеѓу тоа дека еден лек кој што е регистриран во помалку во три земји членки на ЕУ, и во повеќе од три земји, и повеќе е сосема логично.

Може еден лек да биде единствено регистриран во кипар и за нас како држава е сомнително и затоа подлежи во една постапка на подолга проверка на самата документација, на самиот лек и затоа не е постапката само 15 дена за валоризација на документите, како што би било кога еден лек би бил регистриран во Германија, во Англија, во Полска, Швајцарија итн. Тоа е клучната разлика.

Меѓутоа, во однос на постапката зошто во ЕУ, 15 дена додека во САД итн. во референтните држави 60 дена. Пак тука имаме логично објаснување.

Нашите закони, нашите подзаконски акти, нашето право, се усогласува со Европското право. Ние овој закон не го правиме само за 2007 година, или 2008 година, овој закон се прави за подолг рок. Овој закон се прави за држава како што е Република Македонија која што е кандидат за членство во ЕУ и многу е логично дека има одредени моменти каде што процедурите во ЕУ, сепак се развлекуваат од процедурите во САД, Јапонија итн. Затоа ние воопшто не велиме дека со овој закон тие лекови се понеквалитетни, туку само наместо 15 дена 60 дена, за проверка на сите постапки, на сите документи за давање на дозвола за регистрација.

Во таа насока гледаме само логичности во постапката и верувајте во ни еден момент еден лек што е веќе регистриран со овој член воопшто нема никакви дискриминаторни моменти дали и како ќе биде пуштен во промет.

**Бесим Догани:** Благодарам господине министер.

Повелете госпоѓо Бендевска, имате збор за контрареплика.

**Весна Бендевска:** Господине министер, станува јасно дека и кога ќе го искористите правото да дадете дообјаснување на кое инсистирам вие повторно не навлеговте во суштината. Значи, дефакто, овој закон токму во членот 29 во кореcподентската табела е неусогласен со правилата на игра односно не е хармонизиран со европското законодавство.

Кореcподентската табела во интерес на информирањето на граѓаните на Република Македонија ја потпишавте токму вие и таму чисто стои, членот 29 е неусогласен. Не можете да протежирате дека ЕУ, протежира различни принципи при тргувањето и промет со лекови кои потекнуваат или од земјите на ЕУ, или пак од референти земји, како што се САД, Канада, Јапонија и Швајцарија.

Немате одговор на тоа прашање, а е премногу суштинско и претпоставувам дека ќе биде една од забелешките на носењето на законите во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Господине министре, вие уште од минатиот пат одбегнувате да одговорите на ова прашање и откако го доставивте амандманот. Јас не знам зошто има потреба да се избегнува одговор.

Прашањето јас ќе го подноставам.

Ако некој производител на лек поднесе барање до 23 европски држави, зборувам за ЕУ, во 3 се регистрира лекот, а во 20 се одбие, се одбие во 20 дали вие ќе го подвргнете под процедурата која сте ја поставиле овде дека во 3 европски држави ако е регистриран има бенифиции, бенифиции воведувате во законот, исклучоци. Значи едно е ако е тој регистриран во 3 каде што побарал, а друго е да побарал од 23, или 28 а да е регистриран во 3 или 4, па дури и да е регистриран во 15, а во 10 одбиен. Овој закон тука има слабости, затоа што Бирото ќе постапи согласно со законот, ќе го толкува како што треба, или агенција и ќе каже да регистриран е во три европски држави и ќе постапи по скртена постапка а одбиен во други 10. Мислам дека тука има некоја слабост. И во другите соодветно особено вон од европската, ако е регистриран тука се употребува зборот "или". Може да е регистриран во Јапонија ама одбиен во САД. На тоа нема одговор овој закон односно има широка отворена врата за манипулација. Тоа треба да ни се образложи како ќе го толкувате овој закон. Дали ќе се врати во процедура од 90 или 210 дена. Јас тврдам дека ако има таков случај треба да се уреди со членот 108 или тука 29 и членот да се дополни со одредби за случаите кои вие ги кажувате, меѓутоа, вие не ми давате одговор и тоа останува сомнеж.

Ќе дојдат и амандманските расправи за ова, со тоа што вие направивте, тоа морам да го земам за слабост повторно на претседателот на Собранието по 100-ти пат на веќе поднесени амандмани на членот 108 вие поднесовте свој амандман. Сега нашите амандмани се во аут, така да кажам, мислам на пратениците, вашиот поднесен амандман откако истече рокот за поднесување на амандмани од страна на пратениците го поднесовте и малку ствара забуна. Ние сега тука не можеме ниту да реагираме ниту да добиеме образложение од вас. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Поповски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за лековите и медицинските помагала.

Пред да го ставам заклучокот на гласање, молам службите да ни доставaт точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата.

Колеги пратеници,

Со оглед на фактот дека немаме доволен број на присутни пратеници за да можеме да продолжиме со работа по оваа седница овде ја прекинувам денешната седница.

(Седницата прекина со работа во 17,10 часот)